КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗАКЛУЧОЦИ ОД РАБОТИЛНИЦАТА

Реализирањето на оваа работилница е еден од чекорите за спроведување на проектот за **УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА Р.М**.

Работилницата беше организирана и спроведена од комората на ОАИ на Р.М., одделение за архитектура во соработка со Министерството за култура на Р.М.

Работилницата ја подготви и ја водеше м-р Анастасија Трајковска, во соработка со г-ѓа Весна Илиевска преставник од Министерството за култура на Р.М.

На работилницата беа присутни 26 поканети гости од сите дефинирани групи на чинители на процесот на непосредна заштита коии имаат компетенција, односно:

- изготвување на анализиранатa легислатива - 8 присустни
- спроведување и контрола на легислативата - 11 присутни
- креирање на интервенциите на непосредна заштита - 7 присутни

Претседателот на комората на ОАИ, г-дин. Миле Димитровски го отвори настанот и ги поздрави присутните гости.

Работниот дел започна со воведно излагање од водителот на работилницата м-р Анастасија Трајковска (**прилог 1-*воведна презентација***). После тоа следеше информација од г-ѓа Весна Илиевска преставник од Министерството за култура на Р.М. и г-ѓа Ана Ѓоргиоска представник од Министерство за транспорт и врски на Р.М. за сегашните активности околу промените на анализираните законски регулати. Од нивното излагање се констатитра дека се во подготовка нови закони односно:

- Закон за заштита на културно наследство- кој се планира да се донесе до крај на 20018г.
- Закон за просторно и урбанистичко планирање кој е веке готов во нацрт верзија,
- Закон за градба кој исто така е во подготовка.

Првата работна сесија заврши со две презентации од страна на организаторот на работилницата:

- СИМУЛАЦИЈА НА ЛЕГИСЛАТИВЕН ИМПАКТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НЕПОСРЕДНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ВРЗ НЕДВИЖНОТО НАСЛЕДСТВО***(прилог2)***

- ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ИЗОЛРАНИ ЧЛЕНОВИ ОД АНАЛИЗИРАНАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА СО ДИРЕКТЕН ИМПАКТ НА ВООЧЕНИТЕ АНОМАЛИИ И НЕДОСТАТОЦИ ***(прилог3)***

## Забелешки од состанокот:

Во втората работна сесија следеше дискусија, кометари и размена на искуства, конкретни забелешки на воочените аномалии и несогласувања како и конкретни предлози за нивното надминување. На крај после широката дискусија, приложените анкетни и евалуациони листови може да се извлечат следите забелешки:

- Работилницата беше оценета како добро организирана и корисна за исполнување на нејзините цели со забелешка дека
    - Темите опфатени со роботилницата се базично опфатени но во понатамошните активности корисно би било да се надополнат и
    - можеби во понатамошние активности ќе треба да се вклуши и Министерството за земјоделије, шумарство и водостопанство на Р.М.
- Мнозинство од присутните се согласија дека основните проблеми во креирањето на квалитетна подлога за успешно планирање и реализирање на интервенциите врз градителското наследство на Р.Македонија се:
    - несинхронизираноста на регулативите кои се судираат со проблемот на непосредна интервенција врз градителското наследство
    - неподготвеноста на власта на локално и национално ниво за спроведување на законските одредви во смисла на:

        -долг процес на валоризација и ревалоризација на културното наследство,
        -недостаток на јасни и претходно дефинирани ЗКУ вградени во ИЗВОДОТ ОД ПЛАН по службена должност без разлика дали во планот има вградени ЗКО
        -недосток на информациски систем за објектите кои имаат акт на заштита или за целините за кои е донесен акт за заштита
        - ненавремено спроведување на член 44 од законот за заштита на културно наследство
        -долг процес на изготвување на урбанистички планови, комплет со потребните заштитно конзерваторски основи
        -недостаток на кадар за спроведување на легислативните обврски од законот за заштита на културното наследство. Имено истите стручни лица се задолжени за подготвување на документација за посредна заштита, валоризација, ревалоризација, изготвување на заштитно конзерваторски основи, заштитно конзерваторски услови, мислењеа, одобренија, изработка на конзерваторски проекти и конзерваторски надзор..................со што не може да се обезбеди навремен одговор на задолженијата, а се појавува и судир на интереси во добиените задолженија

- еднаков третман и процедури интервенции врз поединечно заштитени добра и добра кои се дел од заштитена целин,
- неопходност од поврзување на системот за е-дозвола со управата за заштита на културното нследство–ЗК ОДОБРЕНИЕ да оди директно на одобрување преку системот
- потреба од усоглаување на правилникот за изработка на КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТ со правилникот за изработка на основен проект по законот за градење
- терминолошко усогласување на трите споменати закони
- јасно дефинирање и усогласување на квалификациите на овластениот проектант, надзор, ревидент или изведувач по трите споменати закони
- обврзувачка доедукација од областа на заштитата на културното наследство на креаторите на интервенциите во сите фази почнувајки од урбанистичко планирање, проектирање, ревидирање на проектна документација, надзор и изведба

- Забелешки ко не се однесуваат дирекно на импактот на трите анализирани закони но кои би помогнат за успешно планирање и реализирање на интервенциите врз недвижното наследство

- недоволно и несоодветно финансиско покривање на сите нивоа од процесот на ревитализација и рехабилитација на градителското наследство
- недостаток на национална политика на Р.М. во креирање на законски одредби за воведување на јавна корист од заштитата на недвижното културно наследство
- недостаток на меѓусебна координација на сите учесници во процесот на планирање и спроведување на непосредните интервенции врз градителското наследство

## Заклучоци од работилницата:

Присутните на работилницата донесоа заклучок дек треба да се оформи работна група, составена од претставници на сите чинители на процесот на непосредна заштита која ќе ги следи предвидените промени во анализираната законска регулатива и содветните подзаконски акти. Оваа група ќе има цел да ги анализира предвидените промени, навремено да информира за нивната подготовка, да сондира пошироко мислење од нивните импликации во реалното постапување во непосредната заштита на недвижното наследство. Донесените мислења и ставови да бидат релевантен чинител во изготвувањето и промените на регулативите.